РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основно училиште
БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ
Бр. 04-102/1
22.05 2026 год.
с.Добрушево, Могила

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48J15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), Директорот на ООУ„Браќа Миладиновци “ Добрушево општина Могила донесе:

**ОДЛУКА**

**За избор на кандидат по јавен оглас за вработување административен службеник за работно место Виш референт- Благајник , Одделение за нормативно- правни работи, човечки ресурси и општи и материјално –финансиски работи,Административна служба**

1. За извршител на работно место ОБН0102Г02008 Виш референт-Благајник , Одделение за нормативно- правни работи, човечки ресурси, општи и материјално – финансиски работи,Административна служба се избира кандидатот Даниела Илиевска со идентификациски код B9C4FAD.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение на Директорот на Агенција за администрација бр.10-1062/3 од 07.04.2026 г., во функција на спроведување на постапка за административен службеник за работите од точка 1 на оваа Одлука, а по Огласот за вработување на административни службеници бр.225/2026 објавен на ден 07.04.2026. во дневните весници „Нова Македонија“,„Вечер“ и „Лајм“, спроведе административна селекција за административен службеник- записник од извршена административна селекција за административен службеник бр. 10-1062/4 од 23.04.2026 г., спроведе испит за административен службеник- Записник од спроведен испит бр.10-1062/7 од 06.05.2026 г., спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник- Записник бр.10- 1062/8 од 12.05.2026 г.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто и извршеното бодирање, комисијата изготви Конечна- ранг листа и Предлог кандидати за вработување на работното место Виш референт-Благајник , Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси, општи и материјално –финансиски работи,Административна служба со бр. 10-1062/10 од 13.05.2026 година.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидат, Директорот на ООУ„Браќа Миладиновци"Добрушево изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот па објавувањето на одлуката на веб страницата.

ДОСТАВЕНО ДО:

-Избраниот кандидат

-Агенција за администрација

-Архива

ООУ„Браќа Миладиновци"Добрушево

Директор

__________________

Цветанка Петревска